# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 27.09.2019 год.** | **Уредува:**

**Душко Миовски**

**Излегува по потреба** | **Број 09 - Година 2019** | **Општина Пехчево**

**Гласникот е бесплатен** | **тел. (033) 441-321**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на дваесет и четврта седница одржана на ден 27.09.2019 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Пехчево;
2. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на годишен план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година;
3. Одлука за давање согласност за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево;
4. Одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2019 година;
5. Одлука за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2019/2020 год.;
6. Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година;
7. Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година;
8. Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за периодот од 01.09.2019 - 31.12.2019 година;
9. Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;

Бр. 09-1292/1
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/2
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 1 и став 2 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.5/2002), Извештајот од комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања бр. 08-1253/2 од 27.09.2019 година и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на 27.09.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Пехчево**

**Член 1**

На Јован Пешански, член на советот на општина Пехчево од листата на кандидати на коалицијата предводена од СДСМ, се констатира престанок на мандатот на член на советот на општина Пехчево од денот на одржувањето на седницата, согласно член 46 став 2 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа, поради поднесена оставка бр.08-1227/1 од 16.09.2019 година од лични причини.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јован Пешански, Општинската изборна комисија Пехчево, Градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 3**

Одлуката ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1282/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на измени и дополнувања на годишен план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на измени и дополнувања на годишен план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/3
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, (Сл.Весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 198/18), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измени и дополнувања на годишен план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на годишниот план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на годишниот план за вработување во ООУ Ванчо Китанов за 2019 година бр.01-248/1 од 11.09.2019 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1283/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување**

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | 01-248/1<br>11.09.2019 |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ,,ВАНЧО КИТАНОВ,,-ПЕХЧЕВО |
| ЗА ГОДИНА: | 2019 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4041305 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4001978101390 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 11.09.2019 |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ЕЛЕНА МИХАИЛОВА | ______________________ |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | ______________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА | ______________________ ______________________ |

## ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | Моментално вработени во институцијата<br>(на датумот на пополнување на годишниот план) | 14 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| **б** | Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година<br>(заклучно со 31 декември тековната година) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **в** | Планирани нови вработувања во тековната година<br>(заклучно со 31 декември тековната година) | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **г** | **Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година**<br>**(г = а - б + в)** | 16 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 2.*** Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување: *(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | |
| р. бр | на работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | кратко образложение |
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |

***Табела 3.*** Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | **<u>НЕ</u>** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)* | | |

Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини:
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | од орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: намалување на надлежности на институцијата | причина 2: намалување на обемот на работа | причина 3: поедноставување на постапки | причина 4: работното место се укинува (наведете датум) | причина 5: друго (наведете ја причината) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |

***Табела 4.*** Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

| Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | | | **<u>ДА</u>** | НЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)* | | | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини:<br>*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)* | | | | | | | |
| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. един. | во рамки на орг. един. | во рамки на орг. един. | причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос) | причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос) |
| 3 | ложач-ракувач на парни котли ОБН 04 01 А01 003 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | | ДА<br>09.01.2019 год. | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |

***Табела 5.*** Планирани пензионирања по припадност на заедница

| | Опис | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Власи | Роми | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **а** | **Планирани пензионирања во следната година (заклучно со 31 декември следната година)** | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 6.*** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

| | | |
|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | **ДА** | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)* | | 3 |

Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини
*(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)*

| р. бр | работно место (шифра и назив) | во орг. единица | во рамки на орг. единица | во рамки на орг. единица | причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица | причина 2: пензионирање или најавено заминување | причина 3: друго (наведете ја причината) | Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број) | Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ложач-ракувач на парни котли ОБН 04 01 А01 003 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | | | пензионирање | | 12 (дванаесет) | 161.880,00 нето плата |
| 2 | Хигиеничар ОБН 04 01 А01 002 | Одржување на објектите и опремата | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | | | по барање на работникот (со писмена изјава) 05.09.2019 | 12 (дванаесет) | 150.096,00 нето плата |
| 3 | Чувар ОБН 04 02 А01 001 | Помошно-техничка служба | Помошно-техничка служба | | | | ДА зголемување на безбедноста на учениците, вработените и објектот | 12 (дванаесет) | 150.096,00 нето плата |
| 4 | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |

***Табела 7.*** Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

| | **Опис** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|
| **а** | **Планирани нови вработувања во следната година**<br>**(заклучно со 31 декември следната година)** | 3 |

***Табела 8.*** Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот “Балансер”, поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

| | **Опис** | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Срби** | **Власи** | **Роми** | **Бошњаци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| а | **Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната годината) | **16** | **14** | | | | | **2** | | |
| б | **Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година) | **1** | **1** | | | | | | | |
| в | **Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а) | **3** | | | | | | | | |

**Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за давање согласност за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/4
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 114 став 16 и став 17 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр.23/13....163/17) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Јасмина Матевска (претставник од јавната установа) се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево поради поднесена оставка.

За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се потврдува изборот за Станка Стаменковска (претставник од јавната установа), согласно член 114 став 16 од Законот за заштита на децата.

**Член 2**

Анита Каракашовска (претставник од совет на родители) се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се потврдува изборот за Ружица Миланов (претставник од совет на родители), согласно член 114 став 17 од Законот за заштита на децата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1284/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/5
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 27.09.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2019 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Ребалансот на буџетот на општина Пехчево за 2019 година.

**Член 2**

Ребалансот на буџетот на општина Пехчево за 2019 е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1285/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

## РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ ЗА 2019 ГОДИНА (втор)

БИЛАНС НА РАСХОДИ - ОСНОВЕН БУЏЕТ

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401320 | персонален данок на доход од надоместоци | А0 | А00 | 40 | 401 | 356.000 | 386.000 | 30.000 |
| 404150 | други надоместоци | А0 | А00 | 40 | 404 | 950.000 | 1.250.000 | 300.000 |
| 401320 | персонален данок на доход од надоместоци | Д0 | Д00 | 40 | 401 | 50.000 | 100.000 | 50.000 |
| 420130 | патување во земјата - сместување | Д0 | Д00 | 42 | 420 | 0 | 40.000 | 40.000 |
| 421410 | горива и масла (моторни возила) | Д0 | Д00 | 42 | 421 | 485.000 | 415.000 | -70.000 |
| 425190 | изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | Д0 | Д00 | 42 | 425 | 0 | 20.000 | 20.000 |
| 425990 | други договорни услуги | Д0 | Д00 | 42 | 425 | 250.000 | 300.000 | 50.000 |
| 426120 | членарини во домашни организации | Д0 | Д00 | 42 | 426 | 150.000 | 250.000 | 100.000 |
| 426210 | расходи за репрезентација | Д0 | Д00 | 42 | 426 | 300.000 | 400.000 | 100.000 |
| 427110 | привремени вработувања | Д0 | Д00 | 42 | 427 | 2.975.000 | 2.875.000 | -100.000 |
| 471990 | друга социјална помош | Д0 | Д00 | 47 | 471 | 200.000 | 230.000 | 30.000 |
| 401120 | основни плати - државни службеници | Е0 | Е00 | 40 | 401 | 4.800.000 | 4.335.000 | -465.000 |
| 402110 | основни придонеси за ПИО | Е0 | Е00 | 40 | 402 | 1.400.000 | 1.300.000 | -100.000 |
| 420130 | патување во земјата - сместување | Е0 | Е00 | 42 | 420 | 20.000 | 40.000 | 20.000 |
| 423110 | канцелариски материјали | Е0 | Е00 | 42 | 423 | 200.000 | 100.000 | -100.000 |
| 423990 | други материјали | Е0 | Е00 | 42 | 423 | 100.000 | 150.000 | 50.000 |
| 425970 | консултантски услуги | Е0 | Е00 | 42 | 425 | 50.000 | 100.000 | 50.000 |
| 480190 | купување на друга опрема | ЕА | ЕА0 | 48 | 480 | 30.000 | 110.000 | 80.000 |
| 481230 | реконструкција на деловни објекти | ЕА | ЕА0 | 48 | 481 | 200.000 | 100.000 | -100.000 |
| 483120 | купување на училишен мебел | ЕА | ЕА0 | 48 | 483 | 0 | 80.000 | 80.000 |
| 424320 | одржување на автопати, улици и патишта | Ј6 | Ј60 | 42 | 424 | 1.500.000 | 1.340.000 | -160.000 |
| 424230 | дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Ј8 | Ј80 | 42 | 424 | 155.000 | 200.000 | 45.000 |
| 482110 | подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати | ЈД | ЈД0 | 48 | 482 | 600.000 | 1.400.000 | 800.000 |
| 482120 | изградба на улици, патишта и автопати | ЈД | ЈД0 | 48 | 482 | 0 | 500.000 | 500.000 |
| 482130 | реконструкција на улици, патишта и автопати | ЈД | ЈД0 | 48 | 482 | 3.000.000 | 1.700.000 | -1.300.000 |
| 425640 | изработка на просторни и урбанистички планови | Ф1 | Ф10 | 42 | 425 | 600.000 | 650.000 | 50.000 |
| | Вкупно : | | | | | **18.371.000** | **18.371.000** | **0** |

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (фестивал на дувачки оркестри)

| потставка | опис | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 744111 | донации од приватни компании | 74 | 744 | 1.653.000 | 923.000 | -730.000 |
| | Вкупно : | | | **1.653.000** | **923.000** | **-730.000** |

БИЛАНС НА РАСХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (фестивал на дувачки оркестри)

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 420130 | патување во земјата - сместување | Д0 | Д00 | 42 | 420 | 100.000 | 40.000 | -60.000 |
| 425190 | изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | Д0 | Д00 | 42 | 425 | 50.000 | 0 | -50.000 |
| 425990 | други договорни услуги | Д0 | Д00 | 42 | 425 | 1.200.000 | 520.000 | -680.000 |
| 426210 | расходи за репрезентација | Д0 | Д00 | 42 | 426 | 100.000 | 160.000 | 60.000 |
| | Вкупно : | | | | | **1.450.000** | **720.000** | **-730.000** |

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (набавка на трактор)

| потставка | опис | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 742111 | приходи од Обединетите нации | 74 | 742 | 1.700.000 | 0 | -1.700.000 |
| | Вкупно : | | | **1.700.000** | **0** | **-1.700.000** |

БИЛАНС НА РАСХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (набавка на трактор)

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 480290 | купување на други машини | ЈК | ЈК0 | 48 | 480 | 1.700.000 | 0 | -1.700.000 |
| | Вкупно : | | | | | **1.700.000** | **0** | **-1.700.000** |

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (креирање можности за работа за сите 4)

| потставка | опис | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 742111 | приходи од Обединетите нации | 74 | 742 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| | Вкупно : | | | **0** | **150.000** | **150.000** |

БИЛАНС НА РАСХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (креирање можности за работа за сите 4)

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 425990 | други договорни услуги | Г1 | Г10 | 42 | 425 | 0 | 150.000 | 150.000 |
| | Вкупно : | | | | | **0** | **150.000** | **150.000** |

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (креирање можности за работа за сите - главна фаза)

| потставка | опис | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 742111 | приходи од Обединетите нации | 74 | 742 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| | Вкупно : | | | **0** | **400.000** | **400.000** |

БИЛАНС НА РАСХОДИ - ДОНАТОРСКА СМЕТКА (креирање можности за работа за сите - главна фаза)

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 425990 | други договорни услуги | Г1 | Г10 | 42 | 425 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| | Вкупно : | | | | | **0** | **400.000** | **400.000** |

БИЛАНС НА РАСХОДИ - СМЕТКА ЗА НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА

| потставка | опис | програма | подпрограма | категорија | ставка | стар буџет | нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 427110 | привремени вработувања | В1 | В10 | 42 | 427 | 700.000 | 610.000 | -90.000 |
| 464940 | трансфери при пензионирање | В1 | В10 | 46 | 464 | 50.000 | 0 | -50.000 |
| 480150 | купување на кујнска опрема | В1 | В10 | 48 | 480 | 0 | 140.000 | 140.000 |
| 401130 | основни плати - други вработени | К1 | К10 | 40 | 401 | 542.000 | 582.500 | 40.500 |
| 401310 | персонален данок на доход од плата | К1 | К10 | 40 | 401 | 50.000 | 45.000 | -5.000 |
| 402110 | основни придонеси за ПИО | К1 | К10 | 40 | 402 | 150.000 | 159.000 | 9.000 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 402210 | основни придонеси за здравство | К1 | К10 | 40 | 402 | 60.800 | 65.000 | 4.200 |
| 402220 | основен придонес за професионално заболување | К1 | К10 | 40 | 402 | 4.200 | 4.600 | 400 |
| 402310 | основни придонеси до Агенцијата за вработување | К1 | К10 | 40 | 402 | 10.000 | 10.700 | 700 |
| 421220 | дрва | К1 | К10 | 42 | 421 | 35.000 | 29.000 | -6.000 |
| 421430 | транспорт на стоки | К1 | К10 | 42 | 421 | 20.000 | 15.000 | -5.000 |
| 425970 | консултантски услуги | К1 | К10 | 42 | 425 | 36.000 | 15.200 | -20.800 |
| 426210 | расходи за репрезентација | К1 | К10 | 42 | 426 | 5.000 | 0 | -5.000 |
| 426310 | семинари и конференции | К1 | К10 | 42 | 426 | 8.000 | 5.000 | -3.000 |
| 485710 | книги за библиотеки и учебници | К1 | К10 | 48 | 485 | 50.000 | 40.000 | -10.000 |
| 425990 | други договорни услуги | Н1 | Н10 | 42 | 425 | 300.000 | 400.000 | 100.000 |
| 482920 | изградба на други објекти | Н1 | Н10 | 48 | 482 | 2.550.000 | 2.450.000 | -100.000 |
| | Вкупно : | | | | | **4.571.000** | **4.571.000** | **0** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 год.**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 год., што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/6
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 07-9992/2 од 05.06.2014 година и Правилникот за дополнување на истиот со бр. 20-9926/1 од 15.08.2017 година, како и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година ги разгледа Програмите за екскурзија за учениците од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и тоа:

- Програма за еднодневна ученичка екскурзија за учениците од III одделение (2019/2020) бр. 05-198/7 од 18.09.2019 год;
- Програма за дводневна ученичка екскурзија за учениците од VI одделение (2019/2020) бр. 05-198/8 од 18.09.2019 год;
- Програма за тридневна ученичка екскурзија за учениците од IX одделение (2020/2021) бр. 05-198/9 од 18.09.2019 год;

**Член 2**

Програмите ги содржат сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости, ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1286/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта на Министерството за образование и наука бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.20-9926/1 од 15.08.2017 год., Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III (ТРЕТО) ОДД**
**при ООУ ,,Ванчо Китанов“Пехчево**

**ЦЕЛИ:**

- совладување и проширување на знаењата;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината,културно историски знаменитости, индустриски, земјоделски капацитети и спортски објекти;

**ЗАДАЧИ**:

- изучување и истражување на објекти и појави во природата ;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство на патриотизам , толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;

| СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ | ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ | ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО III (ТРЕТО) ОДД. |
|---|---|---|---|---|
| -посета на културно историски објекти<br>-набљудување на појави во природата | Одделенски раководители<br>Емилија Станоевска<br>Емилија Димевска | | **Патни правци:**<br>**1.ден -**Поаѓање од Пехчево – Струмица – Дојран<br>**Локации:** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -истражување на локалитет со национално, историско значење<br><br>- разгледување на природни богатства | Ајнура Арнаутова<br><br>**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**<br><br>Емилија Станоевска | МАЈ 2020 година | **Струмица-** посета на Манастрирот„Св Леонтиј“<br><br>с. Водоча и посета на Колешински Водопади<br><br>**Дојран-** посета на Вардарски Рид и посета на Дојранско езеро | |

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**: Финанасиски средства од родителите на учениците.Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија .

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

Добрила Јовевска-директор на училиштето
Емилија Станоевска - раководител на екскурзијата
Одделенски раководители – Емилија Димевска, Ајнура Арнаутова, Емилија Марковска, Сашо Таковски

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта на Министерството за образование и наука бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.20-9926/1 од 15.08.2017 год., Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево изготви

## ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДД при ООУ ,,Ванчо Китанов“ Пехчево

**ЦЕЛИ:**

a. совладување и проширување на знаењата;

b. примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината,културно историски знаменитости, индустриски, земјоделски капацитети и спортски објекти;

**ЗАДАЧИ**:

c. изучување и истражување на објекти и појави во природата ;

d. развивање интерес за природата и градење еколошки навики;

e. запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;

f. градење чувство на патриотизам , толеранција и соживот;

g. развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности;

h. социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;

| СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ | ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ | ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО VI ОДД. |
|---|---|---|---|---|
| -посета на манастири и локалитети од историско значење<br>-набљудување на | Одделенски раководители<br>Виолета | | **Патни правци:**<br>**1 ден** Поаѓање од Пехчево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Куманово | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| појави во природата<br><br>-истражување на културите и спортот во тие краишта. | Ѓорѓиевска<br><br>Јулија Велковска<br><br>Афродита Денковска<br><br>Милан Трајановски<br><br><br>**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**<br><br>Виолета Ѓорѓиевска | МАЈ 2020год. | **Локации:**<br><br>**Пробиштип**- посета наманастирот „Гаврил Лесновски“ с. Лесново- појадок<br><br>**Кратово-** посетана Големо Градиште с. Коњух<br><br>**Крива Паланка** посета на Калин Камен, манастирот “Јоаким Осоговски”,а потоа ручек во манастирскиот ресторан<br><br>**Куманово –** слободно разгледување на градот, сместување во хотел, вечера, ноќевање<br><br>**Патни правци:**<br><br>**2 ден** Куманово,Скопје,Велес,Неготино,Струмица и Пехчево<br><br>**Локации:**<br><br>**Скопје -** Тргнување по појадокот од Куманово до Скопје и посета на спомен куќа на Мајка Тереза,посета на музејски комплекс Македонска борба ,црквата Св. Спас, и разгледување на Стара Чаршија, ручек.<br><br>**Неготино- Кавадарци** ТЕЦ Неготино и посета на античкиот град Стоби<br><br>**Струмица-**Манастир Св. Леонтиј –Водоча,посета на Смоларски водопади и враќање во Пехчево | 51 |

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**: Финанасиски средства од родителите на учениците.Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија .

**Стручен тим за организирање на екскурзија:**

**Добрила Јовевска**-*директор*
**Виолета Ѓорѓиевска -** *раководител на екскурзијата*
**Јулија Велковска, Афодита Денковска, Милан Трајановски** - *Одделенски раководители*

ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево

# ПРОГРАМА ЗА ТРИДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА (2020/2021)







Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта на Министерството за образование и наука бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.20-9926/1 од 15.08.2017 год., Стручниот тим при ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево изготви

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДД.**
**при ООУ ,,Ванчо Китанов"– Пехчево**

***ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:***

***Учениците:***
- непосредно (нагледно)да се запознаат со споменици кои сведочат за историското минато на Македонија;
- непосредно (нагледно) да се запознаат со природни убавини(одлики) на нашата држава;
- непосредно(нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Македонија и процес на производство;
- да развиваат позитивен однос кон националните, културните , индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат;
- да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме

***ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ***

***Учениците:***
- ја познаваат природната средина и законитостите што влијаат во неа;
- ги познаваат природните убавини во Р Македонија, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење;
- имаат позитивен однос кон животната средина;
- имаат чувство за одговорност и дисциплина;
- практикуваат другарување и меѓусебно почитување;
- имаат позитивен пристап во комуникациите и подобри меѓусебни односи.

| СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ | ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ | ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВОIХ ОДД. |
|---|---|---|---|---|
| -посета на манастири и локалитети од историско значење<br>-набљудување на појави во природата<br>-истражување на културите и спортот во тие краишта. | Одделенски раководители Магдалена Симовска Бранко Соколчевски<br>**РАКОВОДИТЕЛНА ЕКСКУРЗИЈАТА Магдалена Симовска** | Септември 2020 | **Патни правци:**<br>**1.ден -**Пехчево,Скопје, Охрид (со вклучен појадок)<br>**Скопје-** ручек во Скопје и посета на кањонот Матка<br>**Гостивар-** посета на изворот на реката Вардар ( Вруток)<br>**Дебар-** посета на манастирот Св. Јован Бигорски и Св. Георгиј Победоносец-Рајчица<br>**Охрид –** сместување,вечера и ноќевање<br>**Патни правци:**<br>**2 ден –**Охрид –Струга (појадок)<br>**Струга-** Вевчански водопади, природонаучен музеј Струга<br>**Охрид-** ручек во Охрид потоа посета на Плаошник,Самоиловата тврдина<br><br>**3 ден –** Охрид,Крушево,Битола,Прилеп,Пехчево<br>**Охрид-** појадок,посета на Св. Наум и тргнување кон Крушево<br>**Крушево –** посета на Мечкин камен, спомен куќа Тодор Проевски, Македониум и црквата Св.Никола и ручек<br>**Битола-** посета на Хераклеа<br>**Прилеп-**разгледување на Прилеп и тргнување за Пехчево | 20 |

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција;
- спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- Квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**:

- Трошоците за патувањето ги сносатродителите/ старателите на учениците.Финансиските средства родителите/старателите, ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) Усна и/или писмена повратна информација.

**СТРУЧЕН ТИМ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

- Добрила Јовевска -директор на училиштето
- Магдалена Поповска- раководител на екскурзијата
- Одделенски раководители -Бранко Соколчевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/7<br>27.09.2019 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година.

**Член 2**

Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1287/1<br>27.09.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

**В О В Е Д**

## *ДО СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ, ПРЕКУ ИНКЛУЗИВЕН И ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ*

Документот „Стратегија за родова еднаквост“, во регионот на кој според својата местоположба му припаѓаат општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2020 – 2022 година (во понатамошниот текст, Стратегијата за РЕ) е изработен во периодот Февруари-Април 2019 година. Притоа, беше евидентно и важно да се посочи дека во процесот активно учествуваше родово балансирана група на учесници, претставници на сите засегнати страни со стратегијата, и тоа: сите членови на Комисиите за еднакви можности од сите три општини, советници во општините, вработени во општинската администрација како и претставници на граѓанскиот сектор. Истите дадоа значителен придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги претставува и вклучува и потребите и проблемите поврзани со родова нееднаквост во регионот, како и предлозите на засегнатите страни за превенција и надминување на истите.

Партиципативното стратешко планирање кое беше имплементирано при креирањето на овој документ, во својата основа е демократски процес за утврдување на почетните состојби и потребите на граѓаните, потоа креирање на визија, и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација или институција (во случајот општина) и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.

Со имплементацијата на Стратегијата за РЕ ќе се придонесе кон инклузија во општествените текови и еднакви можности на сите граѓани, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од регионот во целост.

### *РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ*

Како што е претставено во Националната стратегија за родова еднаквост 2013 – 2020, достапна на веб сајтот на Министерството за труд и социјална политика, родовата еднаквост односно недискриминацијата по род е базично начело, воспоставено со Уставот на државата.

Уставот на Република Северна Македонија гарантира дека „граѓаните се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот и законите“.

Овие уставни одредби се елаборирани и во повеќе законски акти. Така, во Законот за еднакви можности, на сеопфатен начин се третира прашањето на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација по основа на пол. Покрај тоа, на ова прашање му се посветува внимание и во низа други закони, посебно од областа на кривичното, семејното и работното законодавство, кои ја регулираат забраната за дискриминација во одделни домени и го промовираат принципот на еднаквост.

Остварувањето на еднаквите можности на мажите и жените, овозможува еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднакви придобивки од остварените резултати.

Во овој контекст, работењето кон целта за постигнување на вистинска родова еднаквост и справување со постојните нееднаквости, често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат за развојот на различни начини.
Досегашното искуство, изразено преку конкретни достигнувања, покажува дека тековните општествени процеси насочени кон промовирање, зајакнување и спроведување на родовата еднаквост, ја налагаат потребата за еден нов стратешки пристап кон овој важен аспект на човековото живеење и во предметниот регион.

## ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО /чекори/

### Чекор 1, СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Носителот на проектот, НВО „КХАМ“ од Делчево во рамки на проектот “Со стратегија и локални акциски планови до еднакви можности за жените и мажите во општините Делчево, Берово и Пехчево“, преку тимот кој е одговорен за неговата имплементација, спроведе активности кои што беа предвидени со проектот, а беа насочени кон формирање на тим кој ке биде активен учесник но и главен креатор како на Стратегијата, така и на Акциските планови преку кои истата ќе се имплементира. Членови на овој тим беа сите 21 член на Комисиите за еднакви можности /КЕМ/кои се формирани во 3-те општини, проектниот тим кој што го имплементира проектот, како и други членови на КХАМ како волонтери и неколку претставници на други локални НВОи од овие општини.

### Чекор 2, ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ

За да се развие комплетно Стратегијата за еднакви можности на регионот Делчево, Берово и Пехчево, проектниот тим организираше две работилници.
Првата работилница беше организирана кон крајот на месец февруари 2019 година. На истата беше креирана основата за првиот нацрт на документот. Тимот за креирање на стратегијата предводен од проектниот тим и стручниот консултант беше изразено ефективен и ефикасен и успешно ги одреди првичните верзии на Визијата, Областите на делување, Приоритетите, Стратешките и Оперативните програмски цели, Клучните активности и рокови. Беше направена и СВОТ /SWOT/ анализа на регионот во однос на секоја од 4-те области на делување. Иако резултатите од оваа анализа не се експлицитно претставени во документов, истите се земени предвид, а дел од првичните размислувања и идеи, на основа на оваа анализа, беа иземени од страна на тимот.
На втората работилница која што беше организирана на почетокот на април 2019, тимот ја создаде основата за креирање на акциски планови за еднакви можности на мажите и жените во општините Делчево, Берово и Пехчево. Во рамки на процесот се одредија и очекуваните резултати и потенцијалните показатели на успех /индикатори/ како и Буџетот на стратегијата кои пак покрај тоа што ќе бидат претставени во Акциските планови, свое место ќе најдат и во соодветни пасуси на овој документ.

Чекор 3, ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ

После реализацијата на првата работилница, врз основа на резултатите од истата, стручниот консултант во спработка со менторот на КЕМ за трите општони и кој е дел од тимот на НВО„КХАМ“, го разви првиот нацрт, а на работниот тим за креирање на Стратегијата и 3-те Акциски планови, му беше претставен на втората работилница

Чекор 4, РЕВИЗИЈА И ФИНАЛИЗАЦИЈА НА ПРВИОТ НАЦРТ

После првичната презентација и деталното ревидирање на првиот нацрт, Стручниот Консултант го финализираше нацртот. Истиот му беше доставен на тимот одговорен за имплементација на проектот кој понатаму е одговорен за иницирање на процес на јавна промоција, како и официјално усвојување на истиот од страна на советите на општините Делчево, Берово и Пехчево.

## ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТОВ[1]

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се загарантирани со **Уставот** како највисок правен акт, но воедно и голем број на закони забрануваат дискриминација врз основа на пол и содржат одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива. Со законските одредби нормативно се обезбедени еднаквите можности на жените и мажите во државата. Практичната имплементација на концептот на воспоставување на еднаквите можности започна уште во 1999 година, кога Република Македонија го усвои својот **прв Национален план за акција за полова рамноправност**. Истиот се однесуваше на унапредувањето на родовата рамноправност во десет стратешки области.

Следејќи ги добрите примери од европските земји и земјите во регионот во делот на родовата еднаквост, Собранието на Република Македонија во мај 2006 година го донесе **Законот за еднакви можности на жените и мажите**. Согласно со истиот, беше усвоен и **вториот Национален план за акција за родова рамноправост /НПАРР/** за периодот од 2007 до 2012 година. Изминатите години беа посветени на имплементацијата на Законот за еднакви можности и воспоставувањето на механизмите на национално и локално ниво, со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Заради понатамошна хармонизација на нашето законодавство со европските стандарди и вградување на препораките на меѓународните организации, **во јануари 2012** година, беше донесен **нов Закон за еднакви можности на жените и мажите**. Со донесувањето на Законот се доуреди прашањето за воспоставувањето на еднаквите можности и еднаков третман на жените и мажите, се предвиде донесување на основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, се утврдија правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите, како и постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите, односно заштита на правата во случај на утврден нееднаков третман на жените и мажите од страна на застапникот за еднакви можности на жените и мажите.

Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап кон овие прашања, дополнително се направи со донесувањето на **Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој претставува заокружена правна рамка за заштита од дискриминација по разни основи. Законот има за цел да обезбеди мерки и активности за спречување на дискриминацијата, но воедно, воспоставува соодветни механизми и средства за правна заштита во случај на дискриминација по различни основи. Поради тоа, овој закон претставува особено значаен инструмент во справувањето со двојната и повеќекратна дискриминација со којашто особено се соочуваат жените како резултат на интерсекцијата на родот со другите идентитети.

Во контекст на економското јакнење на жените и намалување на сиромаштијата и високата стапка на невработеност на женската популација, значајни се одредбите кои се внесени во **Законот за работни**

[1] *Текстот е минимално адаптиран и е превземен од Националната стратегија за родова еднаквост 2013 -2020*

**односи**. Според него, жените и мажите имаат исти права и можности за пристап на пазарот на трудот и на работното место. Воведен е принципот на забрана за дискриминација при вработување, забрана за директна и индирекна дискриминација на работното место, вознемирување и сексуално вознемирување. Со овој закон се гарантираат исти услови за професионално усовршување и унапредување, како и иста плата за иста работа.

**Изборниот законик како и Законот за избор на пратеници и Законот за локални избори** (кои со стапувањето во сила на Изборниот законик престанаа да важат) се единствените коишто предвидуваат посебни мерки за застапеност на обата пола на кандидатските листи за пратеници и советници во локалната самоуправа. Изборниот законик не предвидува квоти за избор на градоначалници или посебни мерки за овозможување на рамноправно учество на жените и мажите во извршната власт.

## РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО РЕГИОНОТ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО, ПЕХЧЕВО/СОСТОЈБИ ВО 2019/

Според проценката на населението[2] на ДЗС од 30.6.2011 година, Република Македонија има 2 058 539 жители, а процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е подеднакво, односно 49,9% се жени, додека пак 50,1% се мажи.

Основните податоци на државно ниво укажуваат на поместувања во позитивна насока во областа на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите, но сепак остануваат значителен број на предизвици кога ќе се земат предвид фактите дека вклученоста на женските и машките деца во основното образование е 48% наспрема 52%, во средното вклученоста на женските деца е 48.23% наспроти 51.77% машки и процентот на дипломирани студенти на терциерно ниво е 43.8% машки наспроти 56.2% женски.

Според официјалниот попис на населението во Република Македонија спроведен во 2002 година во регионот Делчево, Берово и Пехчево вкупниот број на население изнесувал 36693 од кои 18 .185 или 48,4% жени и 18.778 или 51,6% мажи. Реално е да се констатира дека официјалните податоци од овој попис се застарени и реалниот моментален демографски статус на регионот во поголем или помал процент секако се разликува.

Во последните 5 години е збележителен и евидентен тренд на депопулација на регионот поради економска миграција на населението најчесто во Италија, но и други држави во Европа и пошироко. Иако изостануваат и на подготвувачите на документов не им беа достапни официјални податоци за тоа колку граѓани /мажи и жени/ се оделиле, во јавноста постои уверување дека овој број е голем и истото претставува еден од најголемите предизвици на овој регион.

Краторите на документов применувајки ги методите: истражување со примена на анкета, собирање и анализа на постоечки локални официјални документи како и опсервација, констатираа состојби во регионот Делчево, Берово и Пехчево релевантни за приоритетните области кон кои сите локални актери и фактори ке ги насочат своите активности за да се унапредат и создаваат еднакви можности и да се обезбедат услови за родова рамноправност.

[2] Дел од податоците изнесени на оваа страница од документов се превземени од Националната стратегија за родова еднаквост 2013 -2020

Жените од регионот активно партиципираат во политичките партии, најчесто во најголемите партии на национално ниво, /ВМРО ДПМНЕ и СДСМ/ но и во други помали партии.
Локалните лидери на овие партии се мажи.
Во општинските совети бројот на советници во однос на советнички е 2/3 наспроти 1/3.
Се наметнува заклучокот дека е потребно да се зголеми интензитетот на делување на сите локални актери и фактори за да се обезбеди фактичка и реална родова рамноправност во сферата на политичко анагажирање и делување на жените и истите да имаат можност за поинтензивно вклучување во креирањето и имплементација на политичките платформи и програми на партиите, а во насока на обезбедување на можности за квалитетен живот и подобар стандард на граѓаните.
Состојбите во однос на учеството на жените од регионот во раководните структури на локалните јавни институции и јавни претријатија, од аспект на родовата еднаквост, се поповолни.
Во сите образовни институции, се забележува значително учество на жените во управните органи и тела на истите. Според краторите на документов ова најверојатно се должи на фактот дека и помеѓу вработениот наставен кадар жените се доминантно застапени. Овде соодносот се движи од околу 1/3 застапеност на мажите и 2/3 застапеност на жените.
Кај јавните претпријатија пак имаме состојби кои укажуваат на потребата од делување во однос на обезбедување на рамноправност и континуиран баланс од аспект на родова еднаквост. Таков е примерот со Пехчево.
Во Берово и Делчево пак моментално состојбите се на задоволително ниво, но креаторите на документов сметаат дека треба да се продолжи со работата за афирмација на добрите резултати и практики од вклученоста на жените во раководните структури за да се обезбеди континуитет во имплементацијата на родово балансирани афирмативни локални политики кои безбедуваат квалитетен живот и подобар стандард на граѓаните.
Насилството врз жените, значи секој акт на родово базирано насилство кое резултира со, или е веројатно да резултира со физичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишувања од слобода, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.
Од податоците достапни до креаторите на документов во кои што се вбројуваат претставници на КЕМ, вработени во локални јавни и државни институции како и претставници на граѓанските организации, евидентно е зголемен бројот на пријави на родово базирано, пред се семејно насилство. Според креаторите на документов овој феномен е резултат на подобрувањето на законската регулатива но и на делувањето на НВО и повеќето информативни кампањи кои во претходниот период биле имплементирани во регионот.
Иако бројот на официјални пријави за мобинг како на државно ниво, така и на ниво на регионот Делчево, Берово и Пехчево е незначителен, сепак постојат неофицијални индиции за постоење на истиот кај текстилни работнички вработени во текстилни конфекции, но и други деловни субјекти.
Претходните констатации укажуваат на потребата од организирано делување на сите локални актери и фактори во насока на превенција и целосна елиминација на родово базираното насилство во регионот Делчево, Берово и Пехчево.
Како што е констатирано во националната стратегија за родова еднаквост, економското јакнење претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација, промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и на крај, намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата.

Во изминативе години е направено позитивно поместување во поглед на воведување на родова перспектива во политиките и стратегиите на пазарот на трудот.

Напредокот во законското дефинирање  на забраната на дискриминацијата врз основа на пол при вработувањето и на работното место дава резултати.

Во реалниот сектор, жените во регионот се во континуитет со помала стапка на вработеност од мажите.

Руралните средини во регионот се уште се соочуваат со висока стапка на невработеност, несигурни и ниски приходи. Во стапката на активност кај населението над 15 години според типот на местото на живеење, се гледаат разлики кои укажуваат на многу ниската стапка на активност на жената од руралната средина и големите разлики во однос на стапките на активност на  жена – маж од рурална средина, како и жена – жена во споредба рурална-урбана средина.

Покрај ова, карактеристика на регионот е дека многу мал и незначителен број на жени од руралните средини од регионот се имаат пријавено како носители на семеен земјоделски бизнис.

Родовиот јаз во стапките на активност и вработеност, пониското учество на жените на позициите на одлучување и моќ, останууваат предизвици кои ќе бидат земени во предвид како приоритетни во периодот кој следи, со цел унапредување на родовата еднаквост во општественото и економското живеење. Може да се заклучи дека има поместувања во однос на стапката на вработеност на жената, но тоа не е доволно, а особено на ранливи категории жени, што претставува уште поспецифична цел и потреба. До сега се спроведени само неколку проекти од областа на пазарот на трудот и еднаквите можности во насока на поддршка, односно поттикнување на женското претприемништво во етнички маргинализираните заедници.

Во насока на подобрување, унапредување и зајакнување на економскиот статус на жените,  како и правење увид во состојбата, се забележува  потреба од официјални истражувања за  состојбата со родовите прашања и пазарот на труд, увид во степенот и видовите дискриминација, сексуалното вознемирување, родовиот јаз во платите, можностите за скратено работно време како мерка за пристап кон пазарот на труд и балансирање на приватниот и јавниот живот и воведувањето на родителското отсуство.
Непостоењето на истражувања води кон непознавање на системската дискриминација на жената на пазарот на трудот.
Родовата рамноправност и зајакнувањето на жените за нивно рамноправно вклучување и партиципација како при одлучувањето така и при имплементацијата на национални и локални стратегии и програми, преставува една од фундаменталните основи на демократијата и општествениот поредок.

Еднаквото учество на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот, е од витално значење за демократијата на секоја земја. Напорите на Република Северна Македонија во изминатите години за поголемо вклучување на жените, покажуваат позитивни достигнувања и во регионот Делчево, Берово и Пехчево. Сепак ,креаторите на документов посочуваат дека се уште има потреба, но и простор да се работи на тоа прашање.
Иако се формирани и нивната работа веќе почнува да дава резултати, Комисиите за еднакви можности /КЕМ/ во општините Делчево, Берово и Пехчево сепак чувствуваат потреба од поорганизиран и планиран развој и унапредување во однос на нивен институционален развој и организациско јакнење.
Користењето на буџетски средства од општините за делување на овие комисии претпоставува и иницира потреба од подготовка и усогласување на конкретни правила односно правилници за нивно делување.

Покрај ова, постои и реална потреба за подготовка на годишни програми за делување на ниво на секоја од трите општини со кои ќе се овозможи ефективно и ефикасно делување и постигнување на промени и унапредување во однос на создавање на баланс во однос на еднаквите можности во секоја од општините Делчево, Берово и Пехчево.

**СТРАТЕГИЈА**

***ВИЗИЈА***

**„Жените од Делчево, Берово и Пехчево се активно вклучени во општествените текови и даваат свој придонес при креирање и спроведување на локални политики"**

***ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ***

1. **Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;**
2. **Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;**
3. **Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените;**
4. **Институционален развој и организациско јакнење на Комисиите за еднакви можности во општините Делчево, Берово и Пехчево;**

***СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ***

**Област 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;**

1. Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;
2. Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство;
3. Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општините Дечево, Берово и Пехчево;

**Област 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

4. Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.

**Област 3: Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

5. Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците

6. Родова сензибилизација на сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Делчево, Берово и Пехчево

| **Област 4: Институционален развој и организациско јакнење на Комисиите за еднакви можности во општините Делчево, Берово и Пехчево** |
|---|
| 7. Функционалност на Комисиите за еднакви можности од Делчево, Берово и Пехчево |

***ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ /Стратешки и оперативни цели/***

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:*** *Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции, за 10% до крајот на 2022 во однос состојбите во 2018 година.*
**Оперативна цел 1.1:** Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2022 година преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури на политичките партии.

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:*** *Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство до крајот на 2022 година.*

**Оперативна цел 2.1:** Најмалку 10% од вработените кадри во локалните институции да бидат едуцирани за навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево на годишно ниво, до крајот на 2022.
**Оперативна цел 2.2** Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство.
**Оперативна цел 2.3** Иницијатива за отворање на регионален шелтер центар за жртви од родово базирано насилство до крајот на 2022 година.

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:*** *Економско јакнење на жените од општините Дечево, Берово и Пехчево со намалување на стапката на невработеност кај жените за 10% до крајот на 2021 година преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)*

**Оперативна цел 3.1** Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од општините Делчево, Берово и Пехчево во програмите и мерките на АВРМ до крајот на 2021 година.
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:*** *Активирање на најмалку 2/3 од локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Делчево, Берово и Пехчево до крајот на 2022, заради создавање на услови за учество*

*на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.*

**Оперативна цел 4.1** Поттикнување на активните урбани заедници во општините Делчево, Берово и Пехчево во создавање услови за едукација на 20% од жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики, во периодот март - јуни секоја година, до крајот на 2022.

**Оперативна цел 4.2** Поттикнување на активните месни заедници во општините Делчево, Берово и Пехчево во зимскиот период од 2020 до 2022 година во создавање на услови за едукација на најмалку 40% од жените во руралните средини во активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики.

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5:*** *Родова сензибилизација на најмалку 2/3 од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во општините Делчево, Берово и Пехчево, заради личен пример и индиректна едукација на учениците во однос на родовата еднаквост и еднаквите можности во периодот 2020 – 2022г.*

**Оперативна цел 5.1** Да се креира програма за родова сензибилизација преку едукација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во општините Делчево, Берово и Пехчево до крајот на 2020 година.

**Оперативна цел 5.2** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднаквост за најмалку 50 лица од ООУ и ОСУ на годишно ниво во период од 2020 - 2022 година.

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6:*** *Родова сензибилизација на дел од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија во општините Делчево, Берово и Пехчево во однос на подобрување на состојбите поврзани со родовата еднаквост и еднаквите можности во бизнис секторот во периодот 2020 – 2022г.*

**Оперативна цел 6.1** Да се креира програма за родова сензибилизација преку едукација на сензибилизација на дел од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево до крајот на 2022.

**Оперативна цел 6.2** Да се организираат најмалку 2 едукативни настана за родова еднаквост за најмалку 30% од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни претпријатија од Делчево, Берово и Пехчево, на годишно ниво, во период од 2020 - 2022 година.

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 7:*** *Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури, како основа за работа на КЕМ во општините Делчево, Берово и Пехчево до крајот на 2019г.*

**Оперативна цел 7.1** Изработен деловник за работа на КЕМ од општините Делчево, Берово и Пехчево до крајот на 2019 година.

**Оперативна цел 7.2** Иницијатива за усвојување на Деловникот за работа на КЕМ на општините Делчево, Берово и Пехчево и инкорпорирање на Деловникот за работа на КЕМ во Статутот на општините ,а најдоцна до Мај 2020 г.

**Оперативна цел 7.3** Изработени годишни програми на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево врз основа на постоечките документи ,до крајот на јануари секоја година, во периодот 2020 - 2022г.

**Оперативна цел 7.4** Иницијатива за усвојување на годишните оперативни програми на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево до Советот на општините, најдоцна до јануари секоја година, во периодот 2020 - 2022г.

## *КЛУЧНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ /ПРОЕКТИ/*

| ПРОЕКТ | Клучни активности во рамки на проектот | Период на имплементациј а |
|---|---|---|
| **1.** Жените и мажите, пропорционално застапени - рамноправни партнери во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во периодот 2020 -2022 | • Изработка на план за спроведување на едукативни работилници<br>• Организирање на едукативни работилници за раководните структури на партиите.<br>• Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево, Берово и Пехчево | 2020 -2022 |
| **2.** Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево во периодот 2020 -2022 | • Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Делчево, Берово и Пехчево<br>• Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>• Избор место на одржување,<br>• Техничка помош,<br>• Избор на едукатор<br>• Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | 2020 -2022 |
| **3.** Едуцирани и силни - Вклучување на 100 жени од регионот на годишно ниво во едукативно едукативни форми за промоција на заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за против родово базирано насилство. | • Спроведување на истражување за жртви од родово базирано насилство преку прибирање на податоци од Центар за социјална работа, образовните институции, НВО-и и други надлежни институци<br>• Изработка на план за едукација ( ЦСР, образовни институции- стручни служби, здравствени домови)<br>• Организирање на едукација со маргинализирани групи , жени од рурални средини, ученици, образовни институции /трибини, едукативни работилници / | 2020<br><br>2021<br><br>2021 -2022 |
| 4. Кампања за отворање на регонален шелтер центар за жртви на семејно насилство до крајот на 2022 | • Истражување за бројот на жртви од родово базирано насилство од активност<br>• Информирање на надлежните лица кои треба да ја потпишаат иницијативата | 2021 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Подготовка на елаборат за заживување на шелтер центар во регионот<br>• Доставување на иницијативата и елаборатот до 3-те ЕЛС и МТСП | |
| 5. Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | • Изработка на план за информативни работилници<br>• Организирање на трибини со претставници на АВРМ, АППРМ за нивно вклучување во информативните работилници<br>• Организирање и спроведување на информативните работилници (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација)<br>• Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста<br>• Медиумска промоција | 2020 |
| 6. Активни урбани заедници во регионот Делчево, Берово и Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Редовни тримесечни информативно-едукативни настани<br>• Формирање на листи на жени<br>• Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти, и политики<br>• Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 2020 -2022 |
| 7. Активни рурални заедници во регионот Делчево, Берово и Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Редовни тримесечни информативно-едукативни настани<br>• Формирање на листи на жени<br>• Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти, и политики<br>• Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 2020 -2022 |
| **8.** Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани во основните и | 2020 - 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учениците | средните училишта во секој град, на годишно ниво, во предметниот период | |
| **9.** | Со едукација до родова сензибилизација на дел од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани за сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија во секој град, на годишно ниво во предметниот период | 2020 - 2022 |
| **10.** | Изработка на Деловници и Годишни програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2020 до крајот на јануари 2020 | • Анализа на постоечките документи и законска регулатива<br>• Работилница за изготвување на нацрт - Деловник за работа на КЕМ за секоја општина<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на нацрт - Деловникот за работа на КЕМ од трите општини<br>• Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево<br>• Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на општините Делчево, Берово и Пехчево за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ<br>• Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br>• Лобирање кај советниците за усвојување на годишните оперативни програми во трите општини | 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11.** | Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2021 до крајот на јануари 2021 | • Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево за 2021<br><br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево<br><br>• Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на општините Делчево, Берово и Пехчево за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ<br><br>• Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br><br>• Лобирање кај советниците за усвојување на годишните оперативни програми во трите општини | |
| **12.** | Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2022 до крајот на јануари 2022 | • Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево за 2022<br><br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за општините Делчево, Берово и Пехчево<br><br>• Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на општините Делчево, Берово и Пехчево за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ<br><br>• Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br><br>Лобирање кај советниците за усвојување на годишните оперативни програми во трите општини | |

## *ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ*

| ПРОЕКТ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|
| **1.** Жените и мажите, пропорционално застапени - рамноправни партнери во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во периодот 2020 -2022 | 1.1 Изработен план за спроведување на едукативни работилници<br>1.2 Организирани и спроведени 3 работилници (по една во секоја општина) во првата половина на 2021г.<br>1.3 Организирани и спроведени 3 годишни презнтации за промоција на состојби /податоци и информации/ поврзани со родовата еднаквост и бројот на жени  вклучен во советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции | 1.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br>1.1.2 Број на организирани и спроведени работилници<br>1.1.3 Зголемен број на жени на листите за советници на следните локалните избори (2021) за 10% во секоја од 3-те општини во однос на локалните избори во 2017<br>1.1.4 Зголемен број на жени во раководните структури на локалните јавни институции за 10% во однос на состојбите констатирани во декември 2018 |
| **2.** Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево во периодот 2020 -2022 | 2.1 Спроведени 3 истражувања /Инструмент: Анкета/ во секоја од 3-те општини до крајот на 2020г.<br>2.2 Подготвен план за едукација за родова еднаквост кој ќе вклучува: избор на место, техничка помош и и избор на едукатор до крајот на јануари 2020г.<br>2.3 Спроведени 3 едукативни настани / по еден во секоја од 3-те општини до крајот на 2020г.<br>2.4 Најмалку 1/3 од вработените во локалните институции да бидат вклучени во едукативните настани | 2.1.1 Број на спроведени истражувања<br>2.2.2 Подготвен план во предвидениот рок<br>2.2.3 Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани |
| **3.** Едуцирани и силни - Вклучување на 100 жени од регионот на годишно ниво во едукативни форми за промоција на заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за против родово базирано насилство. | 3.1 Спроведени 3 истражувања за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во секоја од 3-те општини до крајот на 2020г.<br>3.2 Подготвени 3  документи, насловени „Ивештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство“, /по еден за секоја општина/<br>3.3 Подготвен план за едукација на вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО<br>3.4 Одржани 3 едукативни настани за едукација на | 3.1.1 Број на спроведени истражувања<br>3.1.2 Број на подготвени документи насловени „Ивештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство“, во предвидениот рок<br><br>3.3.1 Подготвен документ во предвидениот рок<br><br>3.4.1 Број на одржани едукативни настани за едукација на |

| | | |
|---|---|---|
| | вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО<br>3.5 Одржани 6 едукативни настани за едукација на жени од 3-те општини за препознавање и реагирање во случај на родово насилство /по 2 во секој град на годишно ниво во периодот 2020 – 2022г.<br><br>3.6 Да се вклучат најмалку 100 жени од маргинализираните групи и руралните населби од регионот во едукативни настани до крајот на 2022 | вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО<br>3.5.1 Број на одржани едукативни настани за едукација на жени од 3-те општини за препознавање и реагирање во случај на родово насилство во секој град на годишно ниво во периодот 2020 – 2022г.<br><br>3.6.1 Вкупен број на жени од маргинализираните групи и руралните населби од регионот кои биле вклучени во едукативни настани до крајот на 2022 |
| 4. Кампања за отворање на регонален шелтер центар за жртви на семејно насилство до крајот на 2022 | 4.1 Спроведена афирмативна кампања за отворање на регионален шелтер центар за заштита на жртавите од семејно насилство<br>4.2 Подготвена и доставена иницијатива до трите општински совети до крај на 2022 | 4.1.1Спроведена афирмативна кампања за отворање на регионален шелтер центар за заштита на жртавите од семејно насилство во предвидениот рок<br>4.1.2 Подготвен завршен извештај од носителите и реализаторите на кампањата<br>4.2.1 Подготвена и доставена иницијатива до трите општински совети во предвидениот рок |
| 5. Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените, за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | 5.1 Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените<br>5.2 Вклучени најмалку 50% од сите жени пријавени како баратели на работа во АВРМ | 5.1.1 Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените во предвидениот рок<br>5.2.1 Процент на жени пријавени како баратели на работа во АВРМ кои како целна група биле вклучени во настани од кампањата |
| 6. Активни урбани заедници во регионот Делчево, Берово и Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | 6.1 Организирани 18 едукативни настани во општините Делчево, Берово и Пехчево<br>6.2 Вклучени најмалку 180 жени од маргинализираните групи од 3-те општини во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>6.3 Креирани 3 листи жени кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики, по една за Делчево, Берово и Пехчево.<br>6.4. Подготвени 3000 брошури за информирање за локални | 6.1.1 Вкупен број на жени вклучен во едукативни настани<br><br>6.2.1. Број на вклучени жени по настан<br><br>6.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок<br><br>6.4.1.Број на дистрибуирани брошури |

| | | |
|---|---|---|
| | настани и проекти до крајот на 2022.<br>6.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените при креирање на локални јавни политики<br>6.6 Подготвен годишен извештај на ниво на регион за вклученоста на жените од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 6.5.1. Број на објави по медиуми<br>6.5.2. Број на медиуми кои објавиле поства и информации<br>6.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br>6.6.1. Усвоен извештај од советите на општините до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 |
| 7. Активни рурални заедници во регионот Делчево, Берово и Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | 7.1 Организирани 18 едукативни настани во општините Делчево, Берово и Пехчево<br>7.2 Вклучени најмалку 180 жени од руралните средини од 3-те општини во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>7.3 Креирани 3 листи жени од руралните средини кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики, по една за Делчево, Берово и Пехчево.<br>7.4 Подготвени 6000 брошури за информирање од руралните средини за локални настани и проекти до крајот на 2022.<br>7.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените од руралните средини при креирање на локални јавни политики<br>7.6 Подготвен годишен извештај на ниво на регион за вклученоста на жените од од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 7.1.1 Вкупен број на жени вклучен во едукативни настани<br>7.2.1. Број на вклучени жени по настан<br>7.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок<br>7.4.1.Број на дистрибуирани брошури<br>7.5.1. Број на објави по медиуми<br>7.5.2. Број на медиуми кои објавиле поства и информации<br>7.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br>7.6.1. Усвоен извештај од советите на општините до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 |
| 8. Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | 8.1 Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br>8.2 Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/<br>8.3. Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2020 - 2022 во секој од секој од 3-те градови<br>8.4 Во едукативните настани да бидат вклучени најмалку 50 лица | 8.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br>8.2.1. Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидениот рок<br>8.3.1. Број на организирани настани<br>8.3.2. Вкупен број на лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот вклучен во едукативни настани<br>8.4.1. Број на вклучени лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од |

| | | |
|---|---|---|
| | годишно во секоја општина односно вкупно 150 лица во сите 3 општини | регионот по настан |
| 9. Со едукација до родова сензибилизација на дел од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево | 9.1. Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br><br>9.2. Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/<br><br>9.3. Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2020 - 2022 во секој од секој од 3-те градови<br><br>9.4. Во едукативните настани да бидат вклучени 30% од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево | 9.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br><br>9.2.1. Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидениот рок<br>9.3.1. Број на организирани настани<br>9.3.2. Вкупен број на лица од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево вклучен во едукативни настани<br>9.4.1. Број на вклучени сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Делчево, Берово и Пехчево по настан |
| 10. Изработка на Деловници и Годишни програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2020 до крајот на јануари 2020 | 10.1. Изработени Деловници за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево до крајот на јануари 2020<br><br>10.2. Изработени Годишни програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2020 до крајот на јануари 2020 | 10.1.1 Изработени Деловници за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево во предвидениот рок<br>10.1.2 Усвоени Деловници за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево од страна на 3-те оптински совети во предвидениот рок<br>10.2.1 Изработени Годишни програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2020 во предвидениот рок<br>10.2.2. Усвоени Годишните програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2020 во предвидениот рок од општинските совети на 3-те градови |
| 11. Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2021 до крајот на декември 2020 | 11.1 Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2021 до крајот на декември 2020 | 11.1.1 Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2021 во предвидениот рок<br>11.1.2 Усвоени Годишните програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за 2021 во предвидениот рок од општинските совети на 3-те градови |
| 12. Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за | 12.1 Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево за | 12.1.1. Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево во |

| | | |
|---|---|---|
| 2022 до крајот на декември 2021 | 2022 до крајот на декември 2021 | предвиденот рок<br>12.1.2. Усвоени Годишните програми за работа на КЕМ од Делчево, Берово и Пехчево во предвидениот рок од општинските совети на 3-те градови |

***БУЏЕТ***

Предложениот буџет претставува отворена финансиска конструкција и во табелата што следи ги посочува вкупната сума на финансиски средства потребни за покривање на трошоците потребни за имплементација на стратегијата по година на имплементација.

Покрај вкупната сума и потребниот буџет по година на имплементација, во овој дел на документов се представени и можните извори на финансиски средства. Како можни главни извори за финансирање на имплементацијата на овој документ креаторите ги препознаваат буџетите на ЕЛС на Делчево, Берово и Пехчево како и Буџетот на владата на Република Северна Македонија.

Во рамки на категоријата "други" предложена со табелата за представување на буџетот, креаторите на документов како можни донатори ги посочуваатаат националните и меѓународните донатори што вклучува и не е ограничено на: Фондации, Невладини организации, Странски дипломатски представништва, Меѓународни фондови асоцијации и тн.

| | | ***ИЗВОРИ*** | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Трошоци по година*** | ***Вкупно*** | ***ЕЛС*** | ***Влада на Р.С.М.*** | ***ДРУГИ*** |
| ***2020*** | | | | |
| ***2021*** | | | | |
| ***2022*** | | | | |
| ***ВКУПНО*** | | | | |

**Табела: Предлог на Буџет[3] за имплементација на Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г.**

***МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА***

**Мониторинг**

Набљудувањето на имплементацијата на оваа стратегија ќе го врши работна група во состав од 7 лица: по еден советник од секој од 3-те града и по еден представник од НВО од секој од трите града, како и 1 координатор /предлог од консултантот од КХАМ/ кој воедно ќе ја администрира работата на Работната група за мониторинг на имплементацијата на програми и проекти за РЕ во регионот Делчево, Берово и Пехчево. Услов за членување во оваа работна група треба да биде лицата да не се вклучени со било каква улога во проектите и програмите кои ќе ги мониторираат.

Работната група за мониторинг ќе се среќава 2 пати годишно во периодот 2020 – 2022 и тоа на крајот на месеците Март и Септември. Од секоја средба за мониторинг ќе подготвува извештај со кој ќе констатираат состојби и истиот ќе го доставува до КЕМ, во рамките на ЕЛС во Делчево, Берово и Пехчево ,а по потреба и до дуги релевантни партнери, донатори, организации и институции за кои ќе смета дека е потребно и ќе постои основа.

[3] *Пресметката на буџетот е направена во денари при тековен курс на 1 евро од 61,80 денари*

Со оглед на ингеренциите во овој вид на проблематика, следењето и имплементацијата на програмата ќе го вршат и самите КЕМ во општини.

**Евалуација**

Оценувањето или евалуацијата на имплементацијата на оваа стратегија ќе го врши работна група во состав од 5 лица: 1 координатор /предлог од консултантот од КХАМ/ кој воедно ќе ја администрира работата на Работната група за евалуација на имплементацијата на стратегијата за РЕ во регионот Делчево, Берово и Пехчево, по еден советник /член на КЕМ/ од секој од 3-те града и еден претседател на советот на општината од секој од трите града. Членот претседател на совет би се менувал секоја година, односно, секоја имплементациска година на стратегијава ќе биде вклучен некој од различен град /Делчево, Берово и Пехчево. Услов за членување во оваа работна група треба да биде лицата да не се вклучени со било каква улога во проектите и програмите кои ќе ги мониторираат.

Работната група за мониторинг ќе се среќава 2 пати годишно во периодот 2020 – 2022, и тоа на крајот на месеците Јуни и Декември. Од секоја средба за евалуација ќе подготвува извештај со кој ќе констатира состојби и истиот ќе го доставува до КЕМ во рамките на ЕЛС во Делчево, Берово и Пехчево, а по потреба и до дуги релевантни партнери, донатори, организации и институции за кои ќе смета дека е потребно и ќе постои основа.

## *ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА*

Спроведувањето на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022 год.** се планира и предвидува за период од 3 години и динамиката на спроведувањето ќе биде во согласност со Годишните програми на општините.

Стратегијата претставува базичен документ чија имплементација ќе трае подолг временски период и согласно на промените на состојбите, таа ќе се приспособува и ќе поставува приоритети во зависност од потребите на заедницата.

Постигнувањето на целите од стратегијата, претпоставува широка вклученост на заедницата и учество на јавноста во креирањето на политики на локално ниво. Соработката и координацијата на Локалната самоуправа со руралното население и останатите граѓани, е од суштинска важност за афирмацијата како и за постигнување на родова еднаквост во пракса.

За ефективна и ефикасна имплементација на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г.** се предлагаат **следниве чекори**:

1. Усвојување на стратегијата од страна на Советите на Општините Делчево, Берово и Пехчево.
2. Усвојување на Планови за акција со претходно пополнување на колоната БУЏЕТ од страна на Советите на Општините Делчево, Берово и Пехчево.
3. Обезбедување на финансиски средства за имплементација на стратегијата преку подготовка на Годишни оперативни планови за имплементација на **Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г.** (буџетски извори) и проекти (за обебедување на финансии од домашни и меѓународни донатори).
4. Формирање на Структура одговорна за имплементација на Стратегијата - Координативно тело.
5. Мониторинг на имплементацијата на мерките согласно планираната динамика предвидена со Плановите за акција за имплементација на **Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г.** Воспоставување на систем за мониторинг на имплементацијата на Стратегијата на ниво на Координативно тело.
6. Евалуација на имплементацијата на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г.**
7. Ревизија на стратегијата /опција/.

**Координација**
Обврската за координација на имплементацијата на стратегијата што подразбира подготовка на акциски планови, годишни оперативни планови, проекти, извештаи, коментари, мислења, препораки и други потребни документи ќе ја превземат КЕМ кои се формирани и постојат во рамки на 3-те општини.

**Стратешко управување**
Комисиите за еднакви можности ќе дизајнираат и имплементираат процеси на Стратешко управување и тоа ќе:

- Иницираат подговка на релевантни Годишни оперативни планови (ГОП) /интегрирани и сепаратни/;
- Иницираат подговка на проекти;
- Иницираат и лобираат за обезбедување средства од локални, национални и меѓународни извори и донатори;
- Формираат и ќе ја координира работата на тематски оперативни групи/кои можат да се формираат по потреба/.
- Иницираат и координираат процеси за подготовка на други оперативни програми и проекти **Стретегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022 год..**
- Иницираат и координираат процеси за ревизија на постоечките стратешки документи за родова еднаквост во нивните општини;

**Стратешка контрола**

Комисиите за еднакви можности, согласно предлозите во овој документ, ќе дизајнираат и имплементираат процеси за стратешка контрола на имплементацијата на **Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020 – 2022г. што вклучува:**

- Мониторинг и Евалуација на програми и проекти;
- Подготовка на релевантни извештаи /периодични, финални, годишни/;

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/8<br>27.09.2019 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува акцискиот план на општина Пехчево за имлементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година.

**Член 2**

Акцискиот план на општина Пехчево за имлементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1288/1<br>27.09.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

# АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

## ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ЗА ОПШТИНИТЕ ДЕЛЧЕВО, БЕРОВО И ПЕХЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2020 - 2022

**Септември 2019**

Проектот е финансиран од Европската унија

**Проект:**
„Со стратегија и локални акциски планови до еднакви можности за жените и мажите во општините Делчево, Берово и Пехчево“

**Проектот е имплементиран од** НВО „КХАМ“ Делчево

Содржината на оваа публикација е изработена со помош на Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на НВО„КХАМ“ Делчево и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската унија

**Проектот е** суб-грантиран од The Kvinna till Kvinna Foundation и Организација на жените од Општина Свети Николе

## Област на делување:
## Човекови права и родова еднаквост
## Подобласт - Политика

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИОРИТЕТ 1: Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;** | | | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:** Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции за 10% до крајот на 2022 во однос состојбите во 2018 година во сектори и одделенија во општинската администрација така и во комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции | | | | | | | | |
| ***ОЦ 1.1. Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2022 година, преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури на политичките партии*** | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | ***Очекувани резултати*** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 1. Жените и мажите, пропорционално застапени - рамноправни партнери во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во периодот 2020 - 2022 | •Изработка на план за спроведување на едукативни работилници<br>•Организирање на едукативни работилници за раководните структури на партиите.<br>•Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Пехчево | 1.1 Изработен план за спроведување на едукативни работилници<br>1.2 Организирана и спроведена една работилници во првата половина на 2021год.<br>1.3 Организирана и спроведена една годишна презнтација за промоција на состојби /податоци и информации/ поврзани со родовата еднаквост и бројот на жени вклучен во Советот и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции | 1.1.1 Подготвен план во предвидениот рок<br><br>1.2.1 Број на организирани и спроведени работилници<br><br>1.3.1. Зголемен број на жени на листите за советници на следните локалните избори (2021) за 10% во општината во однос на локалните избори во 2017<br><br>1.3.2 Зголемен е бројот на жени во раководните структури на локалните јавни институции за 10% во однос на состојбите констатирани во декември 2018 | 2020 -2021 | -Општина Делчево<br>-КЕМ<br>-НВО | 30.000 | -Општина Пехчево<br>-Донатор | |

## Област на делување:
## Човекови права и родова еднаквост
## Подобласт - Родово базирано насилство

**ПРИОРИТЕТ 2: Зголемување на довербата кај граѓаните од Општина Пехчево во надлежните институции во однос на родово базирано насилство**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:** *Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство до крајот на 2022 година.*

**ОЦ 2.1:** Најмалку 10% од вработените кадри во локалните институции да бидат едуцирани за навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општина Пехчево на годишно ниво, до крајот на 2022 год.

**ОЦ 2.2:** Вклучени најмалку 30 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство.

**ОЦ 2.3** Иницијатива за отворање на регионален шелтер центар за жртви од родово базирано насилство до крајот на 2022 година

| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |
| 2. Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во Општина Пехчево во периодот 2020 -2022 | •Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Пехчево<br>•Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>•Избор на место на одржување<br>•Техничка помош<br>•Избор на едукатор<br>•Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | 2.1. Спроведено едно истражување /Инструмент: Анкета/ во општини до крајот на 2020г.<br><br>2.2. Подготвен план за едукација за родова еднаквост кој ќе вклучува: избор на место, техничка помош и и избор на едукатор до крајот на јануари 2020год.<br><br>2.3. Едукативни настан во општината до крајот на 2020 год.<br>2.4. Најмалку 1/3 од вработените во локалните институции да бидат вклучени во едукативните настани | 2.1.1 Број на спроведени истражувања<br><br>2.2.1. Подготвен план во предвидениот рок<br><br>2.3.1. Број на вработените во локалните институции кои биле вклучени во едукативните настани | 2020 - 2020 | -КЕМ<br>-Општина Пехчево<br>-НВО | 60.000 | -Општина Пехчево<br>-НВО<br>-МТСП | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Едуцирани и силни - Вклучување на 100 жени од регионот на годишно ниво во едукативно едукативни форми за промоција на заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за против родово базирано насилство. | •Спроведување на истражување за жртви од родово базирано насилство преку прибирање на податоци од надлежен Центар за социјална работа, образовните институции, НВО-и и други надлежни институци | 3.1 Спроведено едно истражувања за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во општината до крајот на 2020 год. | 3.1.1 Број на спроведени истражувања<br>3.1.2 Број на подготвени документи насловени ивештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство во предвидениот рок | 2020<br><br>2021<br><br>2021 - 2022 | -ЦСР<br>-НВО<br>-КЕМ | 20.000 | -Општина Пехчево<br>-НВО<br>-МТСП | За 30 жени – работилница 10.000 ден.<br><br>Експерт 6.000 ден.<br><br>Техничка поддршка 4.000 ден |
| | | 3.2 Подготвен еден документ насловен како извештај и анализа од спроведено истражување за утврдување на бројот на жртви од родово базирано насилство | 3.2.1 Подготвен документ во предвидениот рок | | | | | |
| | •Изработка на план за едукација ( ЦСР, образовни институции-стручни служби, здравствени домови) | 3.3 Подготвен план за едукација на вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО | 3.3.1 Број на одржани едукативни настани за едукација на вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | •Организирање на едукација со маргинализирани групи , жени од рурални средини, ученици, образовни институции /трибини, едукативни работилници / | 3.4 Одржан еден едукативен настан за едукација на вработени во локалните јавни институции вклучително образовни институции како и НВО<br><br>3.5 Одржани два едукативни настани за едукација на жени од општина Делчево за препознавање и реагирање во случај на родово насилство по 2 во Општина Пехчево на годишно ниво во периодот 2020 – 2022 год.<br><br>3.6 Да се вклучат најмалку 30 жени од маргинализиранит е групи и руралните населби од регионот во едукативни настани до крајот на 2022 год. | 3.4.1. Број на одржани едукативни настани за едукација на жени од општината за препознавање и реагирање во случај на родово насилство на годишно ниво во периодот 2020 – 2022 год.<br><br>3.5.1 Вкупен број на жени од маргинализираните групи и руралните населби од регионот кои биле вклучени во едукативни настани до крајот на 2022 год.<br><br>3.6.1. Вкупен број на жени од маргинализираните групи и руралните населби од Пехчево вклучени во едукативни настани до крајот на 2022 год. | | | | | |
| 4.Кампања за отворање на регоналeн шелтер центар | •Истражување за бројот на жртви од родово базирано насилство (од | 4.1. Спроведена афирмативна кампања за отворање на | 4.1.1. Подготвен завршен извештај од носителите и реализаторите на | 2021 | -МТСП<br>-НВО<br>- Општина Делчево, | 180.000 ден. | Општинит е Берово, | Учество на секоја |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| за жртви на семејно насилство до крајот на 2022 | активност<br>•Информирање на надлежните лица кои треба да ја потпишаат иницијативата<br>•Подготовка на елаборат за заживување на шелтер центар во регионот<br>•Доставување на иницијативата и елаборатот до 3-те ЕЛС и МТСП | регионален шелтер центар за заштита на жртвите од семејно насилство<br><br>4.2. Подготвена и доставена иницијатива до трите општински совети до крај на 2022 | кампањата<br><br>4.2.1 Подготвена и доставена иницијатива до трите општински совети во предвидениот рок | | Берово и Пехчево | | Делчево и Пехчево | Општина со по 60.000 денари за<br>-<br>Истражување изработка на елаборат, консултант, кампања, |

**Област на делување:**
**Човекови права и родова еднаквост**
**Подобласт- Економија**

| ПРИОРИТЕТ 3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Пехчево | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:** *Економско јакнење на жените од Општина Пехчево со намалување на стапката на невработеност кај жените за 10% до крајот на 2021 година, преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)* | | | | | | | | |
| ***ОЦ 3.1*** **Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од Општина Пехчево во програмите и мерките на АВРМ, до крајот на 2021 година.** | | | | | | | | |
| **Проект** | **Мерки/Активности** | **Очекувани резултати** | **Индикатор** | **Рок** | **Можен реализатор** | **Буџет** | | |
| | | | | | | **Колку** | **Извор** | **Коментар** |
| 5. Информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените преку намалување на стапката на невработеност кај жените за поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции | •Изработка на план за информативни работилници<br>•Организирање на трибини со претставници на АВРМ, АППРМ за нивно вклучување во информативните работилници<br><br>•Организирање и спроведување на информативните работилници (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација)<br><br>•Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста<br><br>•Медиумска промоција | 5.1 Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените<br><br>5.2.Вклучени најмалку 50% од сите жени пријавени како баратели на работа во АВРМ | 5.1.1.Спроведена информативно-едукативна кампања за промоција на можностите за економска независност и зајакнување на жените во предвидениот рок<br><br>5.2.1. Процент на жени пријавени како баратели на работа во АВРМ кои како целна група биле вклучени во настани од кампањата | 2020 | КЕМ | 25.000 | ЕЛС | |

## Област на делување:
## Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

**ПРИОРИТЕТ 4.**Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4:** Активирање на најмалку 2/3 од локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Пехчево, до крајот на 2022, заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.

**ОЦ 4.1** Поттикнување на активните урбани заедници во Општина Пехчево во создавање услови за едукација на 20% од жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементиање на локални јавни политики, во периодот март-јуни секоја година, до крајот на 2022 год..

**ОЦ 4.2** Поттикнување на активните месни заедници во Општина Пехчево во зимскиот период, од 2020 до 2022 година, во создавање на услови за едукација на најмалку 40% од жените во руралните средини, во активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на лпкални јавни политики.

| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |
| 6. Активни урбани заедници во регионот Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | • Креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти, и политики | 6.1 Организирани шест едукативни настани во општината Пехчево<br>6.2 Вклучени најмалку 60 жени од маргинализираните групи од општината во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики | 6.1.1.Вкупен број на жени вклучени во едукативни настани<br><br>6.2.1.Број на вклучени жени по настан | 2020 -2022 | Општина Пехчево, Урбани заедници, НВО | 20.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6.3 Креирани листи на жени кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики.<br><br>6.4 Подготвени 1000 брошури за информирање за локални настани и проекти до крајот на 2022.<br><br>6.5 Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените при креирање на локални јавни политики | 6.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок<br><br>6.4.1.Број на дистрибуирани брошури<br><br>6.5.1. Број на објави по медиуми<br>6.5.2. Број на медиуми кои објавиле постви и информации<br>6.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите | | | | | |
| | • Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 6.6 Подготвен годишен извештај за вклученоста на жените од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | 6.6.1. Усвоен извештај од советот на општината до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Активни рурални заедници во Пехчево, носители на социјалната инклузија на жените во креирањето и имплементацијата на локални јавни политики | •Редовни тримесечни информативно-едукативни настани<br><br>•Формирање на листи на жени<br><br>•Подготовка и дистрибуција на печатени и електронски информации за актуелни процеси за креирање, имплементација и мониторинг на тековни локални настани, проекти, и политики<br>•Подготовка и промоција на годишен извештај за вклученост на жените во регионот | 7.1. Организирани 6 едукативни настани во општината Пехчево<br><br>7.2 Вклучени најмалку 60 жени од руралните средини во едукативни настани за партиципација во процеси за креирање јавни политики<br>7.3 Креирани листи жени од руралните средини кои биле вклучени во процеси за креирање јавни политики<br><br>7.4 Подготвени 2000 брошури за информирање од руралните средини за локални настани и проекти до крајот на 2022.<br><br>7.5. Медиумски афирмирани можности за партиципација на жените од руралните средини при креирање на локални јавни политики<br><br>7.6. Подготвен годишен извештај на ниво на регион за вклученоста | 7.1.1Вкупен број на жени вклучен во едукативни настани<br>7.2.1. Број на вклучени жени по настан<br><br>7.3.1. Број на подготвени листи на жени во предвидениот рок<br><br>7.4.1.Број на дистрибуирани брошури<br><br>7.5.1. Број на објави по медиуми<br>7.5.2. Број на медиуми кои објавиле постви и информации<br>2.5.3. Број на посети на ВЕБ сајтовите на медиумите<br>7.6.1. Усвоен извештај од советот на | 2020 -2022 | -Општина Пехчево, -Месни заедници, -НВО | 20.000 | Општина Пехево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на жените од од руралните средини во процеси на креирање на локални јавни политики | општината до крајот на декември секоја година во периодот 2020 - 2022 | | | | | |

## Област на делување:
## Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените

**ПРИОРИТЕТ 5: Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5**: *Родова сензибилизација на најмалку 2/3 од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во општината Пехчево заради личен пример и индиректна едукација на учениците во однос на родовата еднаквост и еднаквите можности во периодот 2020 – 2022год.*

***ОЦ 5.1*** **Да се креира програма за родова сензибилизација преку едукација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта во Општина Пехчево до крајот на 2020 година.**

| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |
| 8.Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | • Подотовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br><br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани во основните и средните училишта секој град, на годишно ниво во предметниот период | 8.1 Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br>8.2 Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/<br><br>8..3 Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2020 -2022 | 8.1.1.Подготвен план во предвидениот рок<br><br>8.2.1 Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидениот рок<br>8.3.1. Број на организирани настани<br>8.3.2. Вкупен број на лица од наставниот кадар од | 2020 - 2022 | Општина Пехчево, Основни и средни училишта, НВО | 30.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 8.4 Во едукативните настани да бидат вклучени најмалку 50 лица годишно во општината Пехчево | општинските основни и средни училишта вклучен во едукативни настани<br><br>8.4.1. Број на вклучени лица од наставниот кадар од општинските основни и средни училишта по настан | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. Со едукација до родова сензибилизација на сопственици и оперативни менаџери од мали и средни претпријатија за подигнување на свеста кај вработените за родовата еднаквост | • Подготовка на план за едукација<br>• Обезбедување на консултанти/едукатори<br>• Организирање на најмалку 2 едукативни настани за менаџери од мали и средни претпријатија за подигнување на свеста кај вработените за родовата еднаквост | 9.1 Изработен план за едукација до крајот на јануари 2020<br>9.2. Обезбедени 2 едукатори /1 социјален работник и 1 социолог/<br>9.3. Да бидат организирани 2 едукативни настани во месеците мај и октомври во перодот 2020 -2022<br>9.4. Во едукативните настани да бидат вклучени 20% од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Пехчево | 9.1.1. Подготвен план во предвидениот рок<br>9.2.1. Број на обезбедени едукатори со соодветен стручен профил во предвидениот рок<br>9.3.1. Број на организирани настани<br>9.4.1. Вкупен број на лица од сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Пехчево вклучен во едукативни настани<br>9.4.2. Број на вклучени сопствениците и оперативните менаџери од приватните мали и средни предпријатија од Пехчево по настан | 2020 - 2022 | Општина Пехчево, Месни заедници, НВО | 40.000 | Општина Пехчево, НВО, Донатор | 20% од сопствениците |

**Област на делување:**
**Институционален развој и организациско јакнење**
**на Комисијата за еднакви можности во Општина Пехчево**

**ПРИОРИТЕТ 6: Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Пехчево**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6:** *Подготовка на стратешки и оперативни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во општина Пехчево, до крајот на 2019 год.*

**ОЦ 6.1 Изработен деловник за работа на КЕМ од општина Пехчево до крајот на 2019 година.**
**ОЦ 6.2 Изработена годишна програма на КЕМ врз основа на постоечките документи до крајот на 2019 година за општина Пехчево**
**ОЦ 6.3 Иницијатива за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ за општина Пехчево до Советот на општината најдоцна до јануари 2020 г.**
**ОЦ 6.4 Иницијатива за усвојување на Деловникот за работа на КЕМ на општина Пехчево и вметнување на Деловникот за работа на КЕМ во Статутот на општината најдоцна до Мај 2020 год.**

| Проект | Мерки/Активности | Очекувани резултати | Индикатор | Рок | Можен реализатор | Буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Колку | Извор | Коментар |
| 10.. Изработка на Деловник за работа на КЕМ од Пехчево до крајот на 2020 | • Анализа на постоечките документи и законска регулатива<br>• Работилница за изготвување на нацрт - Деловник за работа на КЕМ<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на нацрт - Деловникот за работа на КЕМ од општината<br>• Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општина Пехчево ,<br><br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма | 10.1. Изработени Деловник за работа на КЕМ од Пехчево , до крајот на јануари 2020<br><br>10.2. Изработени Годишни програми за работа на КЕМ од Пехчево о за 2020 до крајот на јануари 2020 | 10.1.1. Изработен Деловник за работа на КЕМ од Пехчево , во предвидениот рок<br>10.1.2. Усвоен Деловник за работа на КЕМ од Пехчево од страна на општинскиот совет во предвидениот рок<br><br>10.2.1 .Изработени Годишни програми за работа на КЕМ од Пехчево , за 2020 во предвидениот рок<br><br>10.2.2. Усвоени Годишните | 2020 -2022 | КЕМ и НВО -Општинска администрација | 90.000 ден. | Општина Пехчево -НВО | Техничка помош на КЕМ<br><br>Работилница за креирање на документи за институционален развој на КЕМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на КЕМ за општина Пехчево на пропратен документ за иницијатива до советниците на општината Пехчево за усвојување на годишната оперативна програма на КЕМ<br>•Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br>•Лобирање кај советниците за усвојување на годишните оперативни програми во општината | | програми за работа на КЕМ од Пехчево , за 2020 во предвидениот рок од општинскиот совети | | | | | |
| 11. Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево за 2021 до крајот на декември 2021 | •Работилница за изработка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општината Пехчево за 2021<br>•Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за општината Пехчево<br>•Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на општина Пехчево за усвојување на годишната оперативна програма | 11.1. Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево за 2021 до крајот на декември 2020 | 11.1.1.Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево во за 2021 во предвидениот рок<br>11.1.2. Усвоени Годишните програми за работа на КЕМ од Пехчево за 2021 во предвидениот рок од општинскиот совети | 2020 -2022 | КЕМ и НВО Општинска администрација | 90.000 ден. | Општина Пехчево НВО | Работилница Техничка помош (Работилница за креирање |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на КЕМ<br>•Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br>•Лобирање кај советниците за усвојување на годишна оперативна програма во општината. | | | | | | | |
| 12. Изработка на Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево за 2022 до крајот на јануари 2022 | • Работилница за израбитка на нацрт годишна оперативна програма на КЕМ за општинината Пехчево за 2022<br>• Техничка помош од општинската администрација за финализирање на годишната оперативна програма на КЕМ за општината Пехчево<br>• Креирање на пропратен документ за иницијатива до советниците на општината Пехчево за усвојување на годишната оперативна | 12.1. Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево за 2022 до крајот на декември 2021 | 12.1.1.Изработена Годишна програма за работа на КЕМ од Пехчево во предвидениот рок<br>12.1.2 Усвоени Годишните програми за работа на КЕМ од Пехчево во предвидениот рок од општинскиот совети | 2021 -2022 | КЕМ и НВО Општинска администрација | 90.000 ден. | Општина Пехчево НВО | Работилница Техничка помош Работилница за креирање |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | програма на КЕМ<br>• Лобирање кај претседателот на Советот за ставање на точка на дневен ред<br>• Лобирање кај советниците за усвојување на годишните оперативни програма | | | | | | | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот од 01.09.2019 - 31.12.2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот од 01.09.2019 - 31.12.2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/9
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019) и Договорот за соработка склучен помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот Едукативен Фонд - Будимпешта (Договор бр. 14-11731/2 од 19.12.2018 година) за поддршка и имплементација на Проектот „Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи – Детски градинки„ проектен код MAC 103, Договор за соработка за поддршка на Проектот „Вклучување на деца - Роми во Јавните општински установи - Детски градинки во РМ бр.08-2286/1 од 20.12.2018 година, Советот на општина Пехчево, на седницата одржана на ден 27.09.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за период од 1.09.2019 до 31.12.2019 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево донесува Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за период од 1.09.2019 до 31.12.2019 година
година.

Член 2

Целта на оваа одлука е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на децата од ромска националност од три до шест години, како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој.

Член 3

Се задолжува градоначалникот на општина Пехчево и Директорот на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево да склучат Договор за регулирање на правата и обврските и начинот на плаќање на партиципацијата на ромски деца за престој во Детската градинка (50% од општина Пехчево и 50% од ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево).

Член 4

Одлуката да се достави до Министерството за труд и социјална политика, ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, и градоначалник на општина Пехчево.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1289/1<br>27.09.2019 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016 и 05/2019), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на дваесет и четвртата седница одржана на ден 27.09.2019 година.

Бр. 09-1292/10
27.09.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 и 05/2019), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.09.2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделувањето на еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево.

**Член 2**

На секое семејство кое го запишале своето дете - прваче во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево, на кое и двајцата родители му се жители на општина Пехчево, ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 1.500,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање од страна на семејствата, до општина Пехчево, со приложување уредна документација на увид со која се потврдува запишувањето на првачето, сродството (родителство) со првачето и територијалната припадност на општина Пехчево и достава на содветна сметка на еден од родителите за исплата на средствата.

Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачјето на општина Пехчево, ќе се потврди со приложување на увид важечки лични карти или патни исправи од двајцата родители, со исклучок за првачиња на самохрани родители.

Доколку еднииот од родителите на првачето е странски државјанин истиот е должен да достави соодветна потврда од надлежна институција дека истиот е со престојувалиште на територија на општина Пехчево.

**Член 4**

Барањата до општина Пехчево се поднесуваат најдоцна до 15-ти октомври.

**Член 5**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Пехчево.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1290/1
27.09.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

До
Општина Пехчево

**Б А Р А Њ Е**
**За доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

Врз основа на одлуката за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево број 08-1290/1 од 27.09.2019 година, (Сл. Гласник бр. 09/2019 година), го поднесувам ова Барање за доделување еднократна парична помош во износ од 1.500 (илјада и петстотини денари), за запишано прваче во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево.

1. Име и презиме на првачето ___________________________________________
2. Пол: ______ Датум на раѓање на првачето: ______________________________
3. Училиште во кое е запишано прваче то: _________________________________
4. Адреса на живеалиште (на двајцата родители, или на едниот доколку е самохран родител):
   ул. ____________________________ бр._____ Населено место _____________
   ул. ____________________________ бр._____ Населено место _____________
5. Име и презиме на примателот на паричната помош ______________________
6. ЕМБГ на примателот _________________________________________________
7. Број на трансакциска сметка за уплата на средства _______________________
8. Контакт телефон: __________________

Во прилог на Барањето ја доставувам следната документација:

- Потврда за запишан ученик во прво одделение, заверена од ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;
- Важечки лични карти од двајцата родители, за идентификација од која се видни податоците за живеалиштето во општина Пехчево **(на увид)**;
- Трансакциска сметка од примателот на паричната помош (на еден од родителите/старателите);

Изјавувам, дека податоците содржани во ова Барање се точни и вистинити и истите можат да се обработуваат од страна на општина Пехчево за намената за која се бараат, а согласно Законот за заштита на личните податоци.

Потпис на барателот

___________________

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Пехчево _____ 2;
2. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ за 2019 година _____ 3;
3. Одлука за давање согласност за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево _____ 13;
4. Одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2019 година _____ 14;
5. Одлука за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2019/2020 год. _____ 19;
6. Одлука за усвојување на стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022 година _____ 30;
7. Одлука за усвојување на акциски план на општина Пехчево за имлементација на регионална стратегија за родова еднаквост за периодот 2020-2022 година _____ 51;
8. Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за периодот од 01.09.2019 - 31.12.2019 година _____ 75;
9. Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево _____ 77;